Правила за учество и доделување награди во Kahoot квизови

1. Организатор

Организатор на квизовите е А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица 1, Скопје (во натамошниот текст: **Организатор**).

2. Период и начин на организирање

Во рамки на настанот А1 Game Fest 2026, Организаторот организира Kahoot натпревар кој се состои од вкупно 7 одделни и независни квизови, секој со по 20 прашања. Организаторот ги подготви сите седум квизови.

Настанот А1 Game Fest 2026 ќе се одржи на 21.11.2026 и 22.11.2026 година во Скопје Сити Мол, а седумте Kahoot квизови ќе се организираат во рамки на настанот, преку дигиталната платформа Kahoot.

Секој од седумте квизови претставува посебен и независен квиз, со сопствено бодување, рангирање и доделување награди. Резултатите од одделните квизови не се собираат и не се пресметува заеднички пласман за сите седум квизови.

Право на учество има секое заинтересирано лице кое ќе се пријави и ќе се најави за учество согласно условите и правилата утврдени со овој Правилник.

По завршувањето на секој од седумте квизови, ќе се утврди конечниот пласман за соодветниот квиз и ќе бидат доделени награди за прво, второ и трето место.

3. Правила за учество

1. Право на учество има секое заинтересирано лице.
2. Учеството е доброволно и бесплатно.
3. За учество во секој одделен квиз, учесниците се приклучуваат преку соодветниот Kahoot PIN-код и внесуваат име или прекар.
4. Секој учесник може да учествува во сите седум квизови, при што во секој одделен квиз може да учествува само еднаш, со едно корисничко име.
5. Еден ист учесник може да освои награда во повеќе од еден квиз, вклучително и во сите седум квизови, доколку ги исполни условите за освојување награда во секој од нив.
6. Не е дозволено користење туѓ профил, помош од други лица или намерно нарушување на текот на квизот.
7. Учесниците се должни да ги следат инструкциите на Организаторот.

8. Одговорите мора да се внесуваат во временскиот рок определен за секое прашање.

4. Начин на спроведување

1. Ќе се спроведат вкупно 7 одделни Kahoot квизови, секој со по 20 прашања.
2. Секој квиз ќе се спроведува самостојно, во посебен термин, кој ќе биде однапред објавен од страна на Организаторот.
3. Пред почетокот на секој квиз, Организаторот ќе го активира квизот и ќе го сподели со учесниците соодветниот PIN-код за пристап.
4. Учесниците ќе се најавуваат преку своите мобилни телефони или таблети.
5. Прашањата ќе се прикажуваат едно по едно, а учесниците ќе одговараат во зададениот временски рок од 10 секунди.
6. По завршувањето на секој квиз, ќе се прикажат резултатите и рангирањето на учесниците за тој квиз.
7. Резултатите од секој квиз ќе се евидентираат одделно и ќе служат исклучиво за утврдување на пласманот и добитниците во рамки на соодветниот квиз.

5. Бодување и рангирање

1. За секое прашање се доделуваат поени за точен одговор.
2. Бројот на освоени поени може да зависи од точноста и брзината на одговорот, согласно системот за бодување на платформата Kahoot.
3. По завршувањето на секој од седумте квизови, се утврдува посебна конечна ранг-листа на учесниците, врз основа на вкупниот број освоени поени во тој квиз.
4. За секој одделен квиз се утврдуваат тројцата најуспешни учесници, односно учесниците кои освоиле најголем број поени и се пласирале на прво, второ и трето место.
5. Резултатите и освоените поени од еден квиз не се пренесуваат и не се собираат со резултатите од останатите квизови.
6. Во случај на изедначен број поени помеѓу двајца или повеќе учесници за едно од наградните места, Организаторот ќе организира дополнително прашање за разрешување на изедначениот резултат. Учесникот кој ќе даде точен одговор во предвидениот временски рок ќе има предност при утврдувањето на конечниот пласман. Доколку изедначувањето продолжи, ќе се поставуваат дополнителни прашања сè до утврдување на конечниот пласман.

6. Награди

1. За секој од седумте одделни квизови ќе бидат доделени по три награди, и тоа за прво, второ и трето место, како што следува:

- **Квиз 1:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 2:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 3:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 4:**
    - Прво место: Samsung Galaxy S26
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 5:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 6:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник
- **Квиз 7:**
    - Прво место: брендиран ранец, слушалки и power bank
    - Второ место: брендиран дуксер, слушалки и тетратка
    - Трето место: брендиран караоке звучник

2. Вкупно ќе бидат доделени 21 награден комплет, односно по три наградни комплети за секој од седумте квизови.

3. Вкупниот награден фонд за сите седум квизови изнесува 130.125,90 денари.

4. Наградите ќе им припаднат на тројцата учесници со најголем број освоени поени во соодветниот квиз, согласно конечната ранг-листа.

5. Еден ист учесник може да освои награди во повеќе од еден квиз, без ограничување на бројот на освоени награди, доколку се пласира на едно од првите три места во соодветните квизови.

6. Доделувањето на наградите за секој квиз се врши независно од резултатите постигнати во останатите квизови.

7. Наградите ќе им бидат доделени на добитниците веднаш по завршувањето на секој одделен квиз и по утврдувањето на конечниот пласман.

7. Обработка на лични податоци

1. Личните податоци на учесниците ќе се обработуваат од страна на Организаторот за целите на спроведување на квизовите, евидентирање на учесниците, утврдување на добитниците и доделување на наградите, во согласност со применливите прописи за заштита на личните податоци.
2. Личните податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци и другите применливи прописи.
3. Личните податоци нема да се користат за други цели, освен за целите за кои се собрани, освен доколку постои соодветна законска основа за нивна понатамошна обработка.
4. Личните податоци ќе се чуваат онолку долго колку што е потребно за исполнување на целите за кои се собрани и за исполнување на законските обврски на Организаторот, по што ќе бидат избришани или анонимизирани, согласно применливите прописи.
5. Учесниците ги имаат правата во однос на обработката на нивните лични податоци утврдени со прописите за заштита на личните податоци.
6. За сите прашања поврзани со обработката на личните податоци, учесниците можат да се обратат на dpo@a1.mk.

8. Завршни одредби

1. Организаторот го задржува правото да ги утврди точните термини за одржување на секој од седумте квизови, согласно агендата на настанот.
2. Учесниците се должни да се придржуваат до правилата за фер игра.
3. Во случај на технички проблем, Организаторот го задржува правото да го прекине, повтори или продолжи соодветниот квиз.
4. Организаторот го задржува правото да дисквалификува учесник доколку утврди неправилности или злоупотреба.
5. Резултатите и добитниците ќе бидат објавени по завршувањето на секој одделен квиз, а наградите ќе им бидат доделени на добитниците веднаш по утврдувањето на конечниот пласман.
6. Организаторот го задржува правото да го измени, прекине или одложи одржувањето на поединечен квиз или на сите квизови во случај на околности кои не можел да ги предвиди или спречи.

7. Овие Правила и услови за учество ќе бидат јавно објавени на официјалната веб-страница на Организаторот и ќе бидат достапни за увид на сите заинтересирани учесници.
8. Со учеството во квизовите, учесниците потврдуваат дека се запознаени со овие Правила и дека ги прифаќаат.

Датум на објава на Правилата: 20.11.2026 година

Место: Скопје

Организатор: А1 Македонија ДООЕЛ Скопје